# NSW FIRE BRIGADES

## СПИСОК НА РАБОТИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЈНАТА ОД ПОЖАР

Fact Sheet 33- Community Risk Management. Revised 1/11/2005

### ФАКТИ

45% од домашните пожари започнуваат во кујната. Во 2004/5 г. Противпожарните бригади на Нов Јужен Велс (NSW Fire Brigades -NSWFB) беа повикани на 1,955 пожари предизвикани во кујна, 988 од овие пожари беа предизвикани при готвење на храна без надзор.

Статистичките податоци од NSWFB беа точни на 30/6/05

### ДАЛИ ВАШАТА КУЈНА Е ОБЕЗБЕДЕНА ОД ПОЖАРИ?

**За максимална безбедност во кујната од пожари ви ги препорачуваме следните работи:**

- ☐ Пожар може да предизвикате ако не ја надгледувате храната што се готви, затоа ако треба да излезете од кујната додека се готви храната, исклучете ја ринглата.
- ☐ При готвење носете алишта со тесни ракави.
- ☐ Чувајте ги децата понастрана од ринглите и рерните додека готвите, размислете дали треба да инсталирате преграда за заштита на шпоретот.
- ☐ Крпите за бришење садови, кујнските ракавици и други запаливи предмети треба да се чуваат понастрана од шпоретот.
- ☐ Бидете внимателни кога користите масло, загревајте го полека, употребувајте тава со точна големина и гответе на температура доволно ниска да се избегне прскање на мрснотии.
- ☐ Свртете ги дршките на тенџерињата и тавите навнатре за да не може никој да ги преврти.
- ☐ Чистете ја скарата на шпоретот после секое користење и редовно чистете го филтерот на аспираторот и сиот кујнски прибор за готвење.
- ☐ Пожар предизвикан од мрснотии не се гасни со вода – никогаш не турајте вода на масло што гори. Ако ставите вода на ваков оган, таа ќе предизвика огнот да се рашири побрзо, а тој исто така може да предизвика сериозни изгореници.
- ☐ Во кујната поставете апарат и ќебе за гаснење пожар и научете како тие се користат. Тие треба да се наоѓаат на растојание од најмалку 1 метар од шпоретот и меѓу шпоретот и најблискиот излез.
- ☐ Разгледајте ја можноста да ставите килимче што не се лизга на просторот околу шпоретот и пред мијалникот.
- ☐ Ако маслото за готвење се запали, исклучете ја ринглата и ставете го капакот на тавата или употребите ќебе за гаснење пожар за да придушите оганот. Немојте да ја носите тавата со запаленото масло низ куќата затоа што така оганот може да се рашири и да предизвика сериозни повреди. Оставете го маслото да се излади пред да го тргнете капакот затоа што маслото може повторно да се запали.
- ☐ Ако се јави пожар во кујната и вие не се чувствувате сигурни дека ќе можете да го изгасните пожарот затоа што сте во години или заради некои други причини, излезете и телефонирајте во Противпожарната бригада на 000 (три нули) од телефон кој се наоѓа на безбедно место.
- ☐ Осигурете се дека апаратите за готвење храна се исклучени после употреба.

**Соработка меѓу NSW Fire Brigades, NSW Rural Fire Service,**
**ACT Fire Brigade и ACT Rural Fire Service**

ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ, ЈАВЕТЕ СЕ ВО ЛОКАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА СТАНИЦА ИЛИ ЦЕНТАР ЗА КОНТРОЛА НА ПОЖАРИ

или посетете ги Интернет страните: **www.fire.nsw.gov.au**, **www.rfs.nsw.gov.au** **или** **www.eas.act.gov.au**

### ДРУГИ ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

- Обезбедете сите електрични апарати добро функционираат.
- Во кујната можете да инсталирате специјални детектори за чад, размислете за тоа, меѓутоа бидете свесни за можноста од лажна тревога како последица од чадот при готвењето.

**ВО ИТЕН СЛУЧАЈ ТЕЛЕФОНИРАЈТЕ НА 000**